ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-3/14**

**Дата: 04.02.2010**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерство за економија – Сметка на основен буџет - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за економија -сметка на основен буџет - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи,стоки и услуги за 2005 годината.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Вера Рафајловска, министер, од 01.09.2006 до 26.07.2008 година.
   - Д-р Фатмир Бесими, министер, од 14.08.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 16.11.2009 до 11.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена  во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Министерство за економија – Сметка на основен буџет - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи,стоки и услуги под 31 Декември 2008 година,   и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Министерство за економија - Сметка на основен буџет - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи стоки и услуги , остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 01.12.2009 година **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 324 | 13 |
| Трансфери и донации | 4,280 | 5,520 |
| **Вкупно приходи** | **4,604** | **5,533** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 0 | 977 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 276 |
| **Вкупно тековни расходи** | **0** | **1,253** |
| **Вкупно расходи** | **0** | **1,253** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **4,604** | **4,280** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 4,604 | 4,280 |
| Активни временски разграничувања | 260 | 264 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,864** | **4,544** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **4,864** | **4,544** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4,864 | 4,540 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,864** | **4,544** |
| | | |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **4,864** | **4,544** |



***Овластен државен ревизор***

--------------------------------------